UDK 807 + 87 + 930.8 ISSN 0514 – 7727

# ŽIVA ANTIKA
# ЖИВА АНТИКА
## ANTIQUITÉ VIVANTE

ANNÉE 67 ГОД.



ŽAnt ANNÉE 67 FASC. 1-2 PP. 155 SKOPJE 2017
ЖАнт ГОД. 67 ТОМ 1-2 СТР. 155 СКОПЈЕ 2017

# ŽIVA ANTIKA
## (ANTIQUITÉ VIVANTE)

revue semestrielle d'études anciennes
publiée par une rédaction de philologues classiques:

1. *Académicien Vitomir Mitevski,* professeur à l'Université de Skopje (rédacteur en chef)
2. *Académicien Kajetan Gantar,* professeur à l'Université de Ljubljana
3. *Dr Olja Perić,* professeur à l'Université de Zagreb
4. *Dr Barbara Scardigli,* professeur à l'Université de Siena
5. *Dr Krzysztof Tomasz Witczak,* professeur à l'Université de Łòdź
6. *Dr Frederik M. J. Waanders*, Professeur à l'Université d'Amsterdam
7. *Dr Serge Mouraviev*, chercheur independent, 7 rue de la Paix, 74240 Gaillard, France
8. *Dr Marijana Ricl,* professeur à l'Université de Belgrade
9. *Dr Peter Delev,* professeur à l'Université de Sofia
10. *Dr Ratko Duev*, professeur à l'Université de Skopje

Éditeur:
Société d'études classiques
"Živa Antika"

Administration:
ŽIVA ANTIKA
Séminaire de philologie classique
Faculté de philosophie, Skopje
République de Macédoine
e-mail: zhiva.antika@gmail.com

| | |
|---|---|
| Rédacteur technique: | Miodrag M. Todorović |
| Secrétariat de rédaction: | Vojislav Sarakinski |
| Secrétariat technique: | Marija Manasievska<br>Stefan Panovski |

Ce numéro de la revue a été imprimé avec l'aide financière de la Faculté de Philosophie de l'Université de Skopje

# TABLE DES MATIÈRES – СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Memoriae Fanoulae Papazoglou ............................................ | 5 |
| *Marijana Ricl*: Fanula Papazoglu (1917-2001) ............................ | 7–20 |
| *Ratko Duev*: Written evidence for the Minoan God from Dicte ..... | 21–30 |
| *Hasan Malay – Marijana Ricl*: Two new early-hellenistic inscriptions from Aiolis and Karia ..................................... | 31–38 |
| *Snežana Ferjančić*: Veterans of the Roman army as members of the municipal elite in Moesia Superior ............................... | 39–48 |
| *Viktor Lilchikj Adams – Sasha Lilchikj*: An Agrianian-Paeonian city near Pčinja, Kumanovo region ..................................... | 49–60 |
| *Nemanja Vujčić*: A City that Resisted Mithridates ........................ | 61–70 |
| *Nade Proeva*: *Dassaretia* et *Penestianae Terrae* à la lumière des données onomastiques ....................................................... | 71–88 |
| *Slavica Babamova*: New inscriptions from eastern Macedonia ...... | 89–96 |
| *Vojislav Sarakinski – Vančo Gjorgiev*: Sur quelques problèmes de la toponymie macédonienne ............................................... | 97–114 |
| *Елена Џукеска*: Формите на генитив сингулар од имиња со тематска деклинација на натписи од Линкестида, Пелагонија, Дериоп и Лихнид ......................................... | 115–124 |
| *Lenče Jovanova*: A monument dedicated to Zbelsurdos by a gerousiast ........................................................................ | 125–144 |
| *Витомир Митевски*: Миодраг Тодоровиќ (1947–2017) .......... | 145–147 |
| Indices ......................................................................................... | 149–154 |
| Sommaire de l’année 67 / Содржина на 67-то годиште ............... | 155 |

ЕЛЕНА ЏУКЕСКА
Институт за класични студии
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје

**UDC:** 81'366.543:81-112

# ФОРМИТЕ НА ГЕНИТИВ СИНГУЛАР ОД ИМИЊА СО ТЕМАТСКА ДЕКЛИНАЦИЈА НА НАТПИСИ ОД ЛИНКЕСТИДА, ПЕЛАГОНИЈА, ДЕРИОП И ЛИХНИД

*Апстракт:* Предмет на истражување во овој труд се формите на генитив сингулар од имиња со тематска деклинација на натписите од Линкестида, Пелагонија, Дериоп и Лихнид. Анализата, која што беше направена на корпусот натписи објавени во изданието *Inscriptiones Graecae X.2.2*, покажа дека вообичаено овие форми завршуваат на *-ου*, но сепак се среќаваат и мал број примери на *-οιο*. Имајќи предвид дека формите на *-οιο* се јавуваат на доцнежни натписи од 2, 3 в. н.е. и од друга страна имајќи го предвид фактот дека завршокот *-οιο* е поархаичен од завршокот *-ου* се поставува прашањето, на што се должи појавата на ваквите форми. Направеното истражување упатува на тоа дека компаративната морфолошка и семантичка анализа на формите на *-οιο* и формите на *-ου* може да даде релевантни податоци во однос на ова прашање.

## Увод

Имињата со тематска деклинација во грчкиот јазик во генитив сингулар не завршуваат на *-ος* како имињата со атематска деклинација. Кај нив уште во предмикенскиот период протоиндоевропската именска наставка **-es*/*-os*/*-s* била заменета со заменската **-syo*. Завршокот /*-oyyo*/, *-οιο* (< п.и.е. **-o-syo*) е добро потврден во микенскиот грчки, на плочките испишани со линеарно Бе писмо и во хомерската епска поезија. Но, овој завршок веќе во архаичниот период од грчкиот јазик се развил во /*-o:*/, што на најстарите натписи напишани со грчки алфабет било обележувано како *O*. Подоцна, по воведувањето на јонскиот алфабет, се забележува дека завршокот /*-o:*/, останал неизменет во северо-западното којне, дорскиот, бојотскиот, лезбоскиот дијалект и се бележел со *Ω*, а во атичкиот, јонскиот, тесалскиот дијалект се развил во /*-ọ:*/, што се бележело со *OY*. Генитивските форми на *-οιο* сепак и понатаму продолжиле да се употребуваат. Во Тесалија, во областите Пелазгиотида и Перајбија, завршокот *-οιο* се користел на сите видови натписи сè до 2 в. пр. н.е., а во другите делови од Грција и секаде каде што се

зборувало на грчки, завршокот *-οιο* се јавува на натписи во стих, дури и во времето на римското царство.[1]

Јазикот на грчките натписи од 2, 3 в. н.е. од Линкестида, Пелагонија, Дериоп, Лихнид, области кои ѝ припаѓаат на Горна Македонија, ги покажува карактеристиките на атичко-јонското којне типично за тој период.[2] Така што формите на генитив сингулар од имињата со тематска деклинација вообичаено завршуваат на *-ου*. Сепак, на неколку натписи се јавуваат и форми на *-οιο*. Целта на истражувањето направено за потребите на овој труд беше да се утврдат околностите во кои се употребува едниот или другиот завршок.[3]

Истражувањето беше направено на корпусот натписи објавени во изданието *Inscriptiones Graecae X.2.2*. Ова се натписи од областите Линкестида, Пелагонија, Дериоп, Лихнид. Поголемиот дел од нив се од римскиот период, а помал број натписи има и од времето пред доаѓањето на Римјаните на територијата на Горна Македонија. По својата содржина и функција тие се разновидни: надгробни натписи, почесни натписи, посвети, декрети и го одразуваат подеднакво и јавниот и приватниот живот на населението.

## Морфолошка и семантичка анализа на формите на *-ου*

Формите на *-ου* се среќаваат на натписи од сите локалитети. Најстариот пример во корпусот натписи IG X.2.2, ако е правилно читањето (види IG X.2.2, стр. 4), е формата *Βρυκατου* (IG X.2.2.2), надгробен споменик од 350 г. пр.н.е., од областа Линкестида.

Формите на *-ου* во најголема мера се генитиви од машки лични имиња, кои можат да бидат грчки, сп. *Γλαυκίου* (IG X.2.2/41.2-3) од *Γλαυκίας*, *Φιλίππου* (IG X.2.2/323.9) од *Φίλλιπος*, латински, сп. *Οὐεττίου* (IG X.2.2/300.14.21) од *Οὐέττιος*, лат. *Vettius* или карактеристични за локалното, негрчко население, сп. *Βρυκατου* од *Βρυκατος*.[4]

Покрај тоа, се среќаваат и примери од имиња на месеци, сп. *Δίου* (IG X.2.2/18C.1) од *Δίος*; *Δαισίου* (IG X.2.2/300.4) од *Δαίσιος*, од имиња на места, сп. *Δυρραχίου* (IG X.2.2/52.7) од *Δυρράχιον*, од општи именки, сп. *θεοῦ* (IG X.2.2/34.7) од *θεός*; *πραιτωρίου* (IG X.2.2/251.2-3) од *πραίτωριον*, лат. *praetorium*, од придавки, сп. *ἀγαθοῦ* (IG

[1] Buck (1955) 88; Chantraine (1967) 38; Blümel (1982) 240 -243; Sihler (1995) 259-260; Colvin (2007) 43.

[2] За развојот на атичкото којне, за улогата на македонската кралска куќа во неговото распространување и за неговите главни карактеристики во римскиот период, види Mc Lean (2009) 346-355; Colvin (2007) 65-69; Adrados (2005) 180-184, 192-196; Horrocks (2010) 80-84, 88-90, 133-137, 160-165.

[3] Делумна презентација на ова истражување, но само за формите на *-οιο*, беше направена преку постер на 14-тиот Меѓународен конгрес за грчка и латинска епиграфика одржан во Берлин, 2012.

[4] Ова лично име би можело да биде изведено од етникот *Βρύκης*, *Βρύκαι* (односно *Βρύγης*, *Βρύγαι*), види IG X.2.2, стр. 4, сп. и *LGPN* IV: 75.

X.2.2/159.1) од *ἀγαθός*, од глаголски партиципи, сп. *πωλουμένου* (IG X.2.2/323.4) од *πωλέω*, од заменки, сп. *ἐκείνου* (IG X.2.2/83.5) од *ἐκεῖνος*. Како што може да се види од примерите наставката -*ου* била карактеристична и за римските имиња и за латинските заемки.

Што се однесува до семантичките улоги, формите на генитив сингулар на -*ου*, и во овој поглед покажуваат разновидност. По бројност доминираат формите, што искажуваат потекло, и во таа смисла, во рамките на ономастичката формула имаат функција на патроним. Ваквите примери можат да бидат придружени со именките *υἱός*, *θυγάτηρ*, сп. *Ἀντίγονος* ***Διονυσίου*** (IG X.2.2/21.2-3), „Антигон, **син на Дионисиј**“, *Αὐρηλίῳ Κλαυδίῳ υἱῷ* ***Ἀλεξάνδρου*** (IG X.2.2/206.1-2), „на Аврелиј Клаудиј, син **на Александар**“, *Μαρκ(ίαν) Ἀκυλίαν* ***Φαβρικιανοῦ Ἄπερος*** *θυγατέρ<α>* ***ἀνδρὸς ἀγαθοῦ*** (IG X.2.2/72.3-6), „Маркија Акилија, ќерка **на Фабрикиан Апер, добар човек**“.

Често се среќаваат и синтагми со именки како *μήτηρ*, *γυνή*, *σύμβιος*, во кои со генитивот се означува семејна поврзаност, сп. *μήτηρ* ***Δημοκρίτου*** *πρ[ό]σθε* ***καταφθιμένου*** (IG X.2.2/386.11-12), „мајка **на Демокрит**, прерано **загубен**“, ***Ποντίου Βήρου τοῦ λαμπροτάτου ἀνθυπάτου, ὑπάτου*** *γυναῖκα* (IG X.2.2/71.8-12), „жена **на Понтиј Вер, многу истакнат, проконзул, конзул**“, *σύμβιος* ***αὐτοῦ*** *Αὐρη[λία Ἀν]τιγόνα* (IG X.2.2/174.6-7), „Аврелија Антигона, **негова** сопруга“.

Има примери каде што генитивот ја врши семантичката улога имател, како во следниов пример, сп. *τόνδ' **ἀγαθοῦ** λεύσεις **ἀνδρὸς** τάφον* (IG X.2.2/159.1), „Го гледаш гробот **на добар човек**“. Има примери каде што генитивот ја врши семантичката улога агенс, сп. *κατὰ κέλευσιν* ***τῆς θεοῦ*** (IG X.2.2/34.6-7), „по заповед **на божицата**“ или на објект, сп. *εἰς* ***σείτου*** *ἀγορασίαν* (IG X.2.2/53.2), „за купување **на жито**“. Во синтагми како ***ἐλαίου*** *κοτύλης* (IG X.2.2/323.5), „кутел **масло**“, генитивот означува содржина, исполнетост.

На натписите се забележуваат повеќе примери, каде што генитивот на -*ου* ја дополнува синтагмата *μνήμης χάριν*, „во спомен на“, сп. ***Κοράγου τοῦ ἀνδρὸς*** *καὶ* ***ἑαυτῆς*** *μνήμης χάριν* (IG X.2.2/16), „во спомен **на Кораг**, **мажот и неа самата**“, ***τοῦ Νουμηνίου*** *μνίας χάριν* (IG X.2.2/10.6), „во спомен **на Нумениј**“. Во овој случај генитивот има функција на партитив, односно искажува делумна засегнатост.

Кај имињата на месеците формите на генитив искажуваат време, сп. *μηνὸς* ***Ἀρτεμισίου*** (IG X.2.2/9.3), „во месецот **Артемисиј**“. А темпорално значење имаат и синтагмите составени од глаголски партицип и лично име, кои се вообичаени на службените документи, декретите, каталозите, сп. *ταμιεύοντος* ***Παραμόνου τοῦ Φιλίππου*** (IG X.2.2/323.8-9), „за благајната се грижеше **Парамон, син на Филип**“.

Формите на -*ου* исто така доаѓаат и со различни предлози, сп. *ἀπὸ Δυρραχίου* (IG X.2.2/52.7), „од Дурахиј“, *μετὰ τοῦ συβίου {συμβίου}* (IG X.2.2/240.5), „со сопругот“.

## Морфолошка и семантичка анализа на формите на *-οιο*

Во корпусот натписи IG X.2.2 се среќаваат и неколку форми на генитив сингулар на *-οιο*. Сите примери се од 2, 3 в.н.е., односно од римскиот период.

На натписот IG X.2.2/26, надгробен споменик пронајден во Суводол, Линкестида се среќава формата *Ἀλεξάνδροιο* од личното име *Ἀλέξανδρος*. Натписот е само делумно зачуван, но сепак може да се забележи дека формата во генитив следи по едно *-ος*, кое може да се претпостави дека е завршок од друго име во номинатив. Ова значи дека генитивот има функција на патронимик. Ономастичката формула составена од лично име во номинатив и име на таткото (или мајката) во генитив била типична за Македонците и Грците. (Papazoglu, 1955: 353 и понатаму).

Личното име *Александар* е документирано индиректно преку женската варијанта *Ἀλεξάνδρα*, уште на микенските плочки, сп. *a-re-ka-sa-da-ra* (MY V 659.2). Генитивската форма *Ἀλεξάνδροιο* во по-микенскиот период се среќава и во книжевни текстови и на натписи. Најстарите примери од книжевноста се од Хомеровата „Илијада“, а се однесуваат на Александар, синот на Пријам, сп. *μῦθον Ἀλεξάνδροιο* (Hom.*Il*.3.87), *Ἀλεξάνδροιο δόμον* (Hom. *Il*.3.421). Во поезијата забележани се примери, кои се однесуваат на Александар, кралот на Македонците, сп. во епиграм од Адај, *τύμβον Ἀλεξάνδροιο Μακηδόνος* (Anthologia Graeca 7.240.1) или во епиграм од Антипатар од Сидон, *ἔργον Ἀλεξάνδροιο Μακηδόνος* (Anthologia Graeca 7.246.3). Генитивската форма *Ἀλεξάνδροιο* се среќава и на натписи од Мала Азија, cf. *εἰκόνα λαϊνέην μὲν Ἀλεξάνδροιο δικαίου* (Rouché, Aphrodisias 32, Афродитово, Карија); *πατρὸς Ἀλεξάνδροιο καὶ υἱέος ὀστεα κεύθει ἥδε λίθος πρότερον* (MAMA 5/108, Дорилајон, Фригија).

Епиграфскиот материјал потврдува дека личното име *Александар* било особено популарно во областите на Македонија (види *LGPN* IV, стр. 14-17). Примери има и од областа Линкестида, сп. IG X.2.2/40; IG X.2.2/61; IG X.2.2/96; IG X.2.2/122; IG X.2.2/136. Позната историска личност од оваа област е *Ἀλέξανδρος Λυγκηστής*, син на Аероп, брат на Арабај и Херомен и зет на Антипатар. Бил современик на Александар Македонски и генерал во неговата војска (Tataki, 1998: 201).

Што се однесува до натписот IG X.2.2/26, тука, освен генитивот *Ἀλεξάνδροιο* нема други форми на генитив сингулар од имиња со тематска деклинација. Во третиот и четвртиот ред се јавуваат именската форма *ἀλόχῳ*, дат. сингулар од *ἄλοχος*, „сопруга“, наспроти вообичаената за натписите, именка со истото значење *σύμβιος* и глаголската форма *μίμνησκε* од глаголот *μιμνήσκω*, „си припомнувам, се сеќавам“. Употребата на овие зборови е вообичаена и на други надгробни натписи во стих, од другите региони, каде што се

зборувало и пишувало на грчки, сп. IK Klaoudiopolis 77, Клаудиополис, Битинија:

Ἰουλιανὸς **Ἀλεξάνδροιο**
ἀνὴρ σοφὸς ἐνθάδε μίμνω |
σὺν σεμνῇ ἀλόχῳ Ἀγαπητῇ,
ἀνδρὶ ποθητῇ, |
σύν τε φίλοισι τοκεῦσι
καὶ τέκνῳ αἰὲν ἐοῦσιν. |
ζῶν, φρονῶν.

Врз основа на ова може да се претпостави дека текстот од натписот IG X.2.2/26 од Линкестида бил исто така поетски (види IG X.2.2, стр. 15).

Натписот IG X.2.2/27 од Суводол, Линкестида е надгробен споменик, на кој може да се прочитаат дваесетина реда од поема составена од хомерски стихови. Песната ја искажува тагата на таткото заради прерано починатиот син *Εὐγένιος*. Формата *θείοιο*, генитив сингулар од придавката *θεῖος*, „божествен, свет, надчовечки" се среќава во четвртиот ред. Стихот е преземен од Хомеровата „Одисеја", сп.:

IG X.2.2/27.4-6

πῶς ἂν Εὐγενίου μοῦ ἐγὼ **θείοιο** λαθοίμην,
ὃ]ς πέρι μὲν νόον ἔσχες βροτῶν, πέρι δ' είρὰ θε
οῖ]σιν˙....

и

Hom.*Od*.1.65-67

πῶς ἂν ἔπειτ' Ὀδυσῆος ἐγὼ **θείοιο** λαθοίμην,
ὃς περὶ μὲν νόον ἐστὶ βροτῶν, περὶ δ' ἱρὰ θεοῖσιν
ἀθανάτοισιν ἔδωκε, τοὶ οὐρανὸν εὐρὺν ἔχουσιν;
„Како ќе сум го заборавел јас Одисеја **дивен**,
најумен што е сред луѓето тој и што најмногу жртви
дал на бесмртните бози, што ширното небо го држат?"
(преп. Петрушевски, 2008)

Придавката *θεῖος* е вообичаен епитет на Одисеј, но исто така е вообичаена квалификација и на другите херои, сп. *Ἡρακλῆος θείοιο* (Hom.*Il*.15.25), *Ἀχιλλῆος θείοιο* (Hom.*Il*.19.279). Примери има и од други книжевни дела, сп. *Νηλῆος θείοιο* (A.R.1.158), *Ἐνιπῆος θείοιο* (Str.8.3.32.4), *ἱερὸν θείοιο παρὰ ῥόον Ἀλφειοῖο* (Theoc.25.10). Потоа придавката се употребувала и за обични луѓе, сп. *θείοιο Πλάτωνος* (Anthologia Graeca (Mel.) 4.1.47). На натписот IG X.2.2/27 освен формата *θείοιο* се среќаваат четири форми на генитив сингулар на *-ου*, сп. *Εὐγενίου* (ред 4.12), *σου* (ред 9), *μοῦ* (ред 12).

Натписот IG X.2.2/265, пронајден во Небрегово, Пелагонија е надгробен споменик, што го направила *Νάνα* во спомен на нејзиниот маж, нејзиното дете, нејзиниот внук и на самата себеси. Текстот на натписот е типичен за ваков тип на споменици, но зборот *υἱωνός*, „внук“ е употребен во генитив како *υἱωνοῖο*, напишано *ὑωνοῖο*, со графема *υ* наместо *υι* (Mc Lean, 2009: 349). Генитивската форма *υἱωνοῖο* е забележана кај Хомер и кај други подоцнежни автори, сп.:

IG X.2.2/265

ἀνδρὸς αἰοῦ παιδός τε
καὶ **ὑωνοῖο** καὶ αὐτῆς
ζῶσα Νάνα ποίει μνημο
σύνης ἕνεκεν.

и

**υἱωνοῖο** πεσόντος ἐν αἰνῇ δηϊοτῆτι (Hom.*Il*.13.206)
**υἱωνοῖο** τιθήνη (Nonn.*D*.9.154)
μέγα σθένος **υἱωνοῖο** (Q.S. 8.25)

Ако го споредиме овој натпис со други натписи со слична содржина ќе забележиме дека глаголската форма гласи *ποίει* наместо *ἐποίει* (cf. IG X.2.2/85) или *ἐποίησεν* (cf. IG X.2.2/179, IG X.2.2/317), употребена е синтагмата *μνημοσύνης ἕνεκεν* наместо стандардниот израз *μνήμης χάριν* или *μνίας χάριν*. Во првиот ред од натписот формата за генитив сингулар од посвојната придавка *ἑός*, „свој, негов“ завршува на *-ου*, сп. *αἰοῦ* со графема AI за E, типично за периодот од кој доаѓа натписот (Ricl, 1994: 154, Mc Lean, 2009: 349). Имињата на починатите не се спомнуваат, но *Νάνα* е фригиско име и често се среќава на натписи од Мала Азија (сп. IG X.2.2, стр. 10; Zgusta, 1964: 346-347).

Уште една форма на генитив сингулар на *-οιο* се среќава во првиот ред од натписот IG X.2.2/292, Дебреште, Пелагонија, сп.: *τύμβον ὁρᾷς* ***κλεινοῖο***... Формата *κλεινοῖο* е генитив сингулар од придавката *κλεινός*, „познат, прочуен“. Забележани се повеќе примери и во книжевната традиција и на натписи, сп.: *Μνῆμα τόδε κλεινοῖο Μεγιστία* (Anthogia Graeca (Simon.) 7.677.1), *πάϊς κλεινοῖο Κομήτου* (Orph.A.163), *Ἑστιαῖον τὸν φύντα πατρὸς κλεινοῖο Μενάνδ[ρου]* (McCabe, Miletos 463.9, Милет). На натписите е потврдено и лично име *Κλεῖνος* сп. CEG II 877, Пела; SEG 37/385, Теспија.

Иако надгробниот споменик е оштетен, сепак се забележуваат елементи од поетски јазик, како на пр. *πραπίδεσσι*, дат. плурал на *-εσσι* од именката *πραπίδες*, „дијафрагма, разум, ум, срце“, епска форма наместо вообичаената *πραπίσιν*, сп. *δῶμα περικλυτὸς ἀμφιγυήεις Ἥφαιστος ποίησεν ἰδυίῃσι πραπίδεσσι* (Hom. *Il.* 1.608), *ἐσθλὸς δ'ἐν πραπίδεσσι* (Hes. *fr.* 25.38), *ἐκ θεοῦ δ'ἀνὴρ σοφαῖς ἀνθεῖ πραπίδεσσιν ὁμοίως* (Pi.*O*.11.10).

На натписот IG X.2.2/331, Чепигово, Дериоп се среќава формата *Ποσιδίπποιο*, генитив од личното име *Ποσίδιππος*. Овој натпис за разлика од другите, на кои има форми на *-οιο* е почесен натпис. Станува збор за херма, што на *Ποσίδιππος Ποσιδίππου*, ефебарх, му ја подигнале и посветиле неговите пријатели ефеби. Натписот е во метар, елегиски дистих, сп.:

υἷα **Ποσιδίπποιο** Ποσίδιππον συνέφηβοι
κλεινὸν ἐφήβαρχον ἄνθεσαν τῇ πατρίδι

Но, самиот текст не е особено поетски. Сепак, покрај генитивска форма *-οιο* и акузативот *υἷα* од именката *υἱύς*, „син" упатува на Хомер и на епската традиција, сп. *υἷα Κλυτίοιο Καλήτορα* (Hom. *Il.* 15.419), *υἷα κασιγνήτοιο* (Nonn. *D.*44.311).

И покрај тоа што, бројот на форми на *-οιο* е мал, може да се забележи дека примерите се од три категории зборови: машки лични имиња, именки и придавки. Но, ниедна од формите не е заемка од латинскиот јазик.

И од семантички аспект се забележува разновидност, иако помала во поглед на формите на *-ου*. Има примери на генитив што искажува потекло, патронимик, без зборот „син", сп. *Ἀλεξάνδροιο* (IG X.2.2/26.1) и со зборот „син", сп. *υἷα Ποσιδίπποιο* (IG X.2.2 / 331.1). Има примери на генитив што означува делумна засегнатост, партитив, со глагол, што значи „се сеќавам / заборавам", односно со именка со истото значење, сп. *θείοιο* (IG X.2.2 / 27.4), објект на глаголот *λανθάνομαι* и *ὑωνοῖο* (IG X.2.2/265.2), со именката *μνημοσύνη*. А, еден од примерите е генитив што ја врши семантичката улога имател, со именката *τύμβος*, „гроб", сп. *κλεινοῖο* (IG X.2.2 / 292.1).

## Заклучок

Направената морфолошка и семантичка анализа на формите на генитив од имиња со тематска деклинација, и споредбата помеѓу генитивите на *-ου* и генитивите на *-οιο* покажува дека завршокот *-ου* бил вообичаен кај сите категории зборови, вклучително и кај заемките од латинскиот јазик, односно имињата на римските граѓани. Од друга страна, иако бројот на примери е исклучително мал, може да се забележи дека завршокот *-οιο* исто така се среќава кај различни категории зборови, но не и кај заемки од латинскиот јазик, односно кај имиња на римските граѓани. Формите на генитив сингулар на *-ου* покажуваат широк опсег на семантички значења, разновидност од синтагми и фрази, во зависност од намената на епиграфскиот споменик. Опсегот на значења кај формите на генитив сингулар на *-οιο* е далеку помал, односно потврдени се само три значења: потекло, присвојност и партитив. Се разбира, имајќи го предвид малиот број на форми, фактот што нема примери со аблативско значење не мора да биде од важност.

Што се однесува до контекстот, формите на *-οιο* се јавуваат или во експлицитен поетски контекст, каков што има на пример, натписот IG X.2.2/27, кој претставува поема составена од дваесетина хомерски стихови или во контекст кој асоцира на посебниот поетски јазик преку употреба на зборови карактеристични за епската или лирската поезија, а не за стандардните епиграфски формули, сп. *ἀλόχῳ*, дат. синг. од *ἄλοχος*, „сопруга“ наместо вообичаеното *σύμβιος* на IG X.2.2/26 или *μνημοσύνης ἕνεκεν* наместо *μνήμης χάριν* или *μνίας χάριν* на IG X.2.2/265. Дури и на еден натпис како IG X.2.2/331, единствениот кој не е надгробен споменик, туку почесен, и кој содржи прилично стандардна формулација за ваков тип на споменици, употребена е формата *υἷα,* акуз. синг. од постарата атематска флексија на именката *υἱύς*, „син“ наместо формата *υἱόν* од тематската флексија на истата именка.

Се разбира во поетски контекст се среќаваат и формите на *-ου*, па дури и паралелно со формите на *-οιο* на ист натпис, сп. IG X.2.2/27, IG X.2.2/265, но тоа е во крајна линија едно од најтипичните лингвистички обележја и на хомерскиот јазик.[5] Она што треба да се истакне е дека сите форми на генитив сингулар на *-οιο* забележани во корпусот натписи IG X.2.2 се забележани како такви и во грчката книжевност или на натписи од другите региони каде што се употребувал грчкиот јазик.

Спомениците од камен биле изработувани во каменорезбарски работилници. Се поставува прашањето кој ги составувал самите текстови за натписите? Тоа можел да биде каменорезецот или лицето што го нарачало спомеником или пак можеби имало специјализирани и образувани писари (Mc Lean, 2009: 10-11, Šašel-Kos 2012: 514). Во секој случај, присуството на форми генитив сингулар на *-οιο* заедно со други форми типични за поезијата, на натписите од 2, 3 в. н.е. во областите Линкестида, Пелагонија, Дериоп се должи на распространетото влијание на грчката култура. Анализата потврдува дека овие форми и во Горна Македонија, како и во сите други региони каде што се зборувало и пишувало на грчки, се чувствувале како важно обележје на поетскиот јазик. Важно е да се нагласи дека личните имиња, кои може да се поврзат со формите на *-οιο*, како имиња на починатите лица, на кои споменикот им бил посветен или пак како имиња на лицата кои го подигнале споменикот, не се само грчки лични имиња, сп. *Ἐυγένιος* (IG X.2.2/27), *Ἀλεξάνδροιο* (IG X.2. 2/26), *Ποσιδίπποιο* (IG X.2.2/231), туку и имиња типични за локалното негрчко население, сп. *Νάνα* (IG X.2.2/265). Ова покажува дека употребата на ваквите форми од една страна може да се сфати како начин да се покаже ученост, културен статус, можеби дури и мода. Не е исклучено и постоењето и преземањето на готови шаблони при составувањето на текстовите, особено за надгробните споменици.

[5] Според анализата на Шантрен во „Илијада“ и „Одисеја“ има вкупно 1881 пример на *-ου* и 1801 пример на *-οιο*, види Chantraine, 1973: 165.

Но, од друга страна не може да се одбегне впечатокот дека нивната употреба, била и начин да се персонализира текстот и да се направи споменикот различен од другите. Типичен во оваа смисла е натписот IG X.2.2/265 на споменик, кој е подигнат од жена, што го носи името *Νάνα*.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Adrados, F. R. (2005). *A History of the Greek Language*. Leiden – Boston: Brill.

Blümel, W. (1982). *Die aiolischen Dialekte*, *Ergänzungshefte zur ZVS* Nr. 30, Göttingen.

Buck, C.D. (1955). *The Greek Dialects*. Chicago: The University of Chicago Press.

Chantraine, P. (1967). *Morphologie historique du grec*. Paris: Éditions Klincksieck.

Chantraine, P. (1973). *Grammaire homérique I*. Paris: Éditions Klincksieck.

Colvin, S. (2007). *A Historical Greek Reader. Myceaean to the Koiné*. Oxford: Oxford University Press.

Хомер, „Одисеја", од старогрчкиот оригинал превел и препеал М. Д. Петрушевски, прир. К. Петрушевска и В. Петрушевски), Скопје: Магор, 2008.

Horrocks, G. (2010). *Greek: A History of the Language and its Speakes*. Chichester, West Sussex, UK: Wiley – Blackwell.

IG X.2.2 = Papazoglu, F. et al., eds. (1999). *Inscriptiones Graecae Epiri, Macedoniae, Thraciae, Scythiae (Volumen X). Inscriptiones Macedoniae (Pars II). Inscriptiones Macedoniae Septentrionalis (Fasciculus II). Inscriptiones Lyncestidis, Heracleae, Pelagoniae, Derriopi, Lychnidi (Sectio 1).* Berolini – Novi Eboraci: Gualterus de Gruyter.

LGPN IV = Fraser, P.M., Mattews, E. et al., eds. (2005). *A Lexicon of Greek Personal Names*. Oxford: Clarendon Press.

Mc Lean, B.H. (2009). *An Introduction to Greek Epigraphy of the Hellenistic and Roman Periods from Alexander the Great down to the Reign of Constantine (323 B.C. - A.D. 337)*. 5th edn. Ann Arbor: The University of Michigan Press.

Papazoglou, F. (1955). O onomastickoj formuli kod Makedonaca u Rimsko doba. *ŽA* 5, pp. 350-370.

Papazoglou, F. (1988). *Les villes de Macedoine à l'époque romaine*, *BCH Suppl.* XVI, Paris.

Ricl, M. (1994). New Greek Inscriptions from Pelagonia and Derriopos. *ZPE* 101, pp. 151-163.

Sihler, A.L. (1995). *New Comparative Grammar of Greek and Latin*. New York – Oxford: Oxford University Press.

Šašel-Kos, M. (2012). A Glimpse into Stonecutter's Workshops in Scupi, Upper Moesia. In: A. Donati and G. Poma, eds., *L'Officina epigrafica Romana in ricordo di Giancarlo Susini. Epigrafia & Antichità* No. 30. Faenza: Fratelli Lega Editori, pp. 507-524.

Tataki A.B. (1998). *Macedonias Abroad*. *Meletemata* 26. Paris: Diffusion de Boccard.

Zgusta, L. (1964). *Kleinasiatische Personennamen*. Prag: Verlag der Tschechoslowakischen Akademie der Wissenschaften.

Elena Džukeska
Institute of Classical Studies, Faculty of Philosophy
University of Sts. Cyril and Methodius, Skopje
elena.dzukeska@gmail.com

# GENITIVE SINGULAR FORMS OF THEMATIC NOMINALS ON GREEK INSCRIPTIONS FROM LYNCESTIS, PELAGONIA, DERRIOPOS AND LYCHNIDOS

## *SUMMARY*

This paper studies the genitive singular forms of thematic nominals on Greek inscriptions from Lyncestis, Pelagonia, Derriopos and Lychnidos. The analysis performed on the corpus of inscriptions published in the edition *Inscriptiones Graecae X.2.2*, has shown that these forms usually end in *-ου*, but there are also few forms ending in *-οιο*. Bearing in mind on one hand that all forms in *-οιο* are found on late inscriptions from the Roman period (2nd and 3rd century AD) and on the other, the fact that the ending *-οιο* is more archaic than the ending *-ου* one has to ask the question, what is the reason for occurrence of such forms.

The morphological and semantic analysis has shown that forms in *-οιο* in the regions of Lyncestis, Pelagonia, Derriopos as elsewhere in late antiquity were felt as a significant feature of the poetic Greek language and in this sense as a way to show knowledge and education. But, using genitive forms in *-οιο* (and other forms typical for the poetic language) was also a self-sufficient linguistic device for personalization of the inscription and the monument, an opportunity to make it different and special.

**Key words**: *genitive singular, thematic declension, Lyncestis, Pelagonia*, *Derriopos and Lychnidos*